Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) на 29 јануари 2008 година (вторник), во 11 часот, во Клубот на новинари ќе го промовира извештајот од истражувањето за „Општествената одговорност на граѓаните“.

Извештајот ја анализира одговорноста за општествените прашања, јавниот дух, учеството во непартиските политички активности, волонтерската активност во заедницата, учеството и активноста на граѓаните во организациите на граѓанското општество и добротворните прилози.

Според извештајот мнозинството граѓани (52,9 %) сметаат дека државата е најодговорна за решавањето на општествените потреби, а постои висока согласност (92,1 %) дека нов развој, вработување и оспособување на граѓаните се решение за проблемите и новиот развој. Граѓаните имаат мала перцепција за сопствената граѓанска одговорност и учество (партиципација).

Сите наоди и анализата ќе бидат презентирани на промоцијата на извештајот.

За повеќе информации може да се обратите до Даниела Стојанова, тел: 02/3065-381, 070/363-718 е-пошта: dsj@mcms.org.mk.